Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2096/1 од 29.07.2024 година, со наводи за неосновано поведување на дисциплинска постапка против административен службеник вработен во подрачното одделение /// на ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2096/1 од 29.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 29.07.2024 година, поднесена е пријава со наводи за неосновано поведување на дисциплинска постапка против административен службеник вработен во подрачното одделение /// на ///, и оформен е предмет број 12-2096/1 од 29.07.2024 година.
Во пријавата подносителот, помлад соработник за /// во подрачното одделение /// на ///, против кого наводно е предложено поведување на дисциплинска постапка, без да укаже на коруптивни дејствија, изразува сомневање дека дисциплинската постапка била иницирана поради тоа што до надлежни органи поднел претставки со кои известил за дискриминација и деградација од страна на непосредно претпоставениот, откако не добил одговор на барањата за хоризонтално движење кои претходно ги упатил до директорот на ///.
Дополнително, подносителот на пријавата укажал на мобинг како и на непрофесионално однесување од страна на непосредно претпоставениот

административен службеник, за што информирал дека доставил претставка до ///.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не содржат елементи на дефиницијата за корупција содржана во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата